## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Осмото продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 ноември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,09 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пред да продолжиме со работа сакам да ве информирам дека денес ќе работиме до 17,00 часот заради мои протоколарни обврски. Практично, овој пат треба да ве известам која е таа обврска. Денес доаѓа Волфганг Це, нашиот советник по деловнички прашања од Бундестагот. Значи, тој ќе биде една седмица или 10 дена овде во Скопје да работи. Првата средба со него ми е во 17,00 часот и затоа ќе работиме до 17,00 часот. Благодарам.

Пратениците: Ристо Пенов, Весна Јаневска, Љубчо Георгиевски, Данаил Дончев, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Илинка Митрева, Борис Кондарко, Радмила Шекеринска, Ѓорѓи Оровчанец, Абдуладi Вејсели и Андреј Жерновски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не се јави за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 64, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 62, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 11 за менување на став 2 и на член 17 во новиот член 24-а, ставови 6,8 и 9.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Скендер Палоши:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 во новиот член 24-а, ставови 6,8 и 9, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Скендер Палоши:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Би сакал да изнесам некое свое видување и забелешки во однос на предложениот закон. Најпрвин би почнал од членот 4 каде се регулирани условите околу добивањето на лиценца за вршење на одредени видови на превоз. Посебно би се задржал околу такси превозот.

Во точка 5 стои дека е потребно во возилото да има вграден фискален апарат.

Јас доаѓам од општината Велес каде ова барање предизвика најмногу реакции кај авто-такси превозниците кои бараат одреден грејс период околу спроведувањето на фискализацијата.

Јас лично би апелирал, доколку има можност Владата во договор со Управата за јавни приходи и општините, да се заложат да се даде одреден период во кој сите авто-такси превозници ќе добијат време за да отворат постапка и да добијат фискални апарати.

Исто така би сакал да го запрашам претставникот на Владата околу времетраењето на лиценците за авто-такси превозниците. Мислам дека периодот од една година е краток период. Треба

да се размисли авто-такси лиценците да траат две години, како би можело да се поедностави процедурата и да се добие повеќе време во вршењето на дејноста.

Исто така членот во Законот со кој се предлага општините или Локалната самоуправа да го ограничи максималниот број на авто-такси возила во градот е спротивен на членот 55 од Уставот, каде стои дека сите правни субјекти се еднакви и имаат еднакви права на пазарот. Така што мислам дека овој член може да биде и основа за оспорување на овој закон пред Уставниот суд. Можеби треба малку повеќе да се размисли околу ова прашање.

Исто така во делот каде е предвидени добивањето на сертификат за професионална компетентност и начинот, постапката и програмата за полагање на испит за добивање на овој сертификат мислам дека треба да го пропишува Комисијата која ја формира министерот и која е надлежна за спроведување на постапката за добивање, бидејќи тие се повикуваат на својата стручност и компетентност, така е и дадено во Законот, дека тие можеби попрофесионално ќе ги пропишат овие постапки. Мислам дека тука треба да се направи измена и Комисијата да биде таа која ќе ги пропишува овие услови, а министерот евентуално само да ги одобри.

Посебно, исто така би се задржал и на тоа дека во Предлогот на законот, против решението, доколку градоначалникот реши на одреден авто-такси превозник да не му издаде лиценца, предвидено е во рок од 8 дена странката да се жали до министерот. Меѓутоа во Законот никаде не е пропишан рокот во кој министерот треба да одговори на ова барање, бидејќи се работи за дејност во која секој ден буквално значи одредена заработка, мислам дека и тука треба да се направат одредени измени и да се пропише точен рок во кој министерот треба да одговори по однос на жалбите кои ќе бидат поднесени од страна на авто-такси превозниците.

Во однос на посебниот линиски превоз, овде е предвидено посебен линиски превоз да се одвива само доколку се склучи договор меѓу правно лице кое го нарачува превозот и превозникот. Меѓутоа, што би се случило доколку група на граѓани се заинтересирани да организираат некаде превоз и заедно да отидат некаде, или група на родителите сакаат на своите деца да им организираат превоз до училиштето и покрај тоа што училиштето нема обврска тоа да го прави. Затоа мислам дека покрај правните лица, треба да се дозволи и на група граѓани да можат да склучат договор со одреден превозник, да организираат превоз од одредено место до таму каде што имаат интерес, затоа што само правно лице доколку го прави тоа, мислам дека исто така ќе се воведе ограничување.

На крајот би сакал да кажам дека се надевам дека во брзо време ќе профункционира и Комисијата за издавање на сертификати и правните лица кои ќе вршат обука, бидејќи проблематиката со такси превозот е многу чувствителна, посебно во работата на локалните самоуправи. Се надевам дека ќе постои добра соработка, дека комисиите формирани од министерот, стручно компетентно и одговорно ќе си ја вршат својата работа, се со цел оваа проблематика полека да почне да наоѓа свое решение и да може да се добие професионален авто-такси превоз. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Законот.

Предлогот на Законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, за гласале 65, воздржано 2, против 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај.

**Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за стечај, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за економија, господинот Киро Спанчев.

**Киро Спанчев:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред нас имаме измена на Законот за стечај или поточно во член 22 став 1 точка 10 се предлага да се избрише.

Министерството за економија во меѓувреме, во овие последни два-три месеци направи големи напори за донесување на подзаконските акти на Законот за стечај во кој ќе се регулираат многу прашања кои до сега беа нејасни, во однос на имплементацијата на Законот за стечај. Ова бришење на точката 10 ќе овозможи забрзување на стечајните постапки и нема да имаме ограничување на водени стечајни постапки, затоа што во Република Македонија имаме околу 218 стечајни управници, а само оваа година се водеа некаде околу 1800 стечајни постапки, а минатата односно 2005 година беа околу 4000 постапки. Тоа значи дека на некој начин ако остане оваа одредба, се блокираат судовите и нивното функционирање се доведува во прашање.

Со оваа одредба нема да се елиминира можноста за да се ограничува водењето на стечајните постапки. Наиме, во законската регулатива, во Законот за стечај и посебно во подзаконските акти има други норми во кои ќе биде строго контролирано водењето на стечајните постапки.

Јас можам да ве потсетам дека во Законот прецизно е кажано дека сега стечајниот судија има право да именува стечаен управник, меѓутоа Судскиот совет има контрола како второстепена комисија и координацијата меѓу судијата и стечајниот управник мора да биде контролирана од Судскиот совет. Понатаму се очекува, со обезбедување на обука на стечајните управници, во наредниот период, бидејќи ние веќе преземавме активност за обука на стечајните управници. За таа работа ни се потребни пари кои ги имаме обезбедено од Светската банка, а Светска банка ни кажала дека треба да се укине оваа одредба, односно да се направи либерализација на водењето на стечајните постапки.

Со обуката на стечајните управници ќе се овозможи истите да станат професионални работници. Имаме стечајни управници правни лица и стручни стечајни управници.

Понатаму, се очекува, по полагањето на стечајните управници, да се формира комора на стечајни управници. Очекуваме таа да се формира некаде во март-април месец, значи по полагањето на првите 30 стечајни управници, може да бидат и повеќе.

Понатаму, во Министерството за економија, вие знаете дека до донесувањето на овој Закон во март месец, надлежност над стечајот имаше Министерството за правда. Со донесувањето на овој Закон во март месец, надлежноста помина во Министерството за економија и во Министерството за економија веќе се формира одделение кое ќе ги следи стечајните постапки, заедно со Централниот регистар, бидејќи има одредба во Законот и во подзаконските акти, Централниот регистар да ги води постапките за точно да се знае колку трае една стечајна постапка. Значи, одделението ќе има можност да дава свои сугестии и во однос на водењето на стечајните постапки.

Исто така во Министерството за економија ќе има и комисија за полагање, која и досега постоеше во Министерството за правда. Меѓутоа, ќе се формира и надзорна комисија која ќе биде составена од домашни експерти и едно лице експерт од Светска банка, што ќе имаат право да дадат сугестии и забелешки на водењето на целиот процес на стечајната постапка.

Со ова сакам да укажам дека водењето на стечајната постапка ќе биде строго контролирано, евидентирано и злоупотребите кои досега се јавуваа нема да се повторат, или ќе се намалат. Така што, оваа одредба многу ми значи, во однос на имплементација на Законот, во смисла на обезбедување на парични средства за имплементација на Законот. А при последната посета на Комисијата од Брисел, исто така ни беше сугерирано оваа одредба да ја разгледаме уште еднаш и по можност да се избрише.

Тоа значи дека, ако се избрише оваа одредба, законот ќе биде многу пофлексибилен и секако дека целиот закон, а посебно подзаконските акти што ги донесовме и се објавени во Службен весник 119 од 17 ноември, ќе се постигне едно ниво на професионалност на водењето на стечајните постапки. Донесени се 4 подзаконски акти, еден Кодекс на однесување и 8 стандарди за водење на стечајните постапки.

Од овие причини предлагам оваа измена на законот пратениците да ја прифатат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Најдовски Слободан, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван заменик минстер,

Се извинувам претседателе што вака се пријавив кога веќе сакавте да го заклучите претресот, но очекував дека некој од Комисијата за економија, посебно известителот кој беше определен од Комисијата за економија, почитуваниот господин Љубисав Иванов Ѕинго, ќе се јави да го каже ставот на Комисијата за економија. Но, видов дека претресот ќе се заклучи, а тоа нема да се случи, па сакам да кажам неколку свои размислувања.

И денеска, на оваа седница, исто и на Комисијата за економија, како матична комисија за донесувањето на овој закон, воопшто нема аргументи, навистина, што ќе зборуваат во насока на донесување на овој закон и воопшто не ги слушнав аргументите што ќе се постигне со донесувањето на овој закон, освен една реченица, реченица што нема ама баш со ништо не е поткрепена, со никакви аргументи. Ќе се забрзале стечаите во стечајните постапки во Република Македонија.

Прво, на самиот почеток морам да кажам дека Комисијата за економија, како матична комисија за овој закон, не го подржа законот, ваков каков што е предложен од стана на Владата на Република Македонија, туку го подржува со амандман што беше поднесен од господинот Иванов, дека овој член може да се применува само до 30 јуни 2007 година, онака како што го предлага Владата. Од 1 јули 2007 година, повторно да се врати решението за еден стечаен управник да не може да биде избран истовремено да води повеќе од три стечајни постапки во исто време. Со тоа се согласија сите членови на Комисијата за економија и, навистина, можеби е ова прв пат во ова 16 годишно постоење на овој македонски Парламент матичната комисија да не го усвои предлогот за донесување и предлогот на законот предложен од Владата на Република Македонија. Сега ќе биде преседан ако пратениците го изгласаат, без да има подршка од матичната комисија од Собранието на Република Македонија.

Зошто мислам дека не е добро да се донесе ваков закон, каков што предлага Владата на Република Македонија?

Некои пратеници кои беа во претходниот состав, а и голем дел од оние што ја следат оваа проблематика, се сеќаваат дека и при Предлогот за донесување на законот за стечај, претходната

Влада имаше предлог да еден стечаен управник може да води истовремено повеќе од три стечајни постапки. Тогаш пратеникот од СДС, господинот Славе Арсовски предложи амандман за да не може ниту еден стечаен управник да води повеќе од три стечајни постапки истовремено, со образложени дека тоа повекува успорување на постапките за водење на стечај во Република Македонија.Тоа е еден од ретките амандмани што во овие 15 - 16 години пратениците го усвоија и покрај несогласувањето на Владата.

Сега, го гледам Предлогот од Министерството за економија и се прашувам дали министрите за еконимија ја водат политиката или пак еден дел на луѓе во Министерството за економија кои во овој изинат период се тесно поврзани со стечајните управници во Република Македонија и повторно сега настојуваат во Република Македонија да се донесе овој закон.

Зошто не е добар?

Прво, во досегашната историја на транзиција во Република Македонија, по однос на стопанството и проблемите што се случуваат во стопанството, две работи битно се издвојуваат. Тоа беше начинот на приватизацијата, што е доста критикуван и второто е долготрајното водење на стечајните постапки, посебно во фирмите што можеме да ги каласифицираме во така наречени големи фирми. Имаме состојба на еден долг процес на водење на стечајна постапка, при што се забележува, може да се каже “поврзаност” помеѓу стечаен судија, стечаен управник и за оние, поголеми државни, поранешни фирми, битно влијание на луѓе од Министерството за екомомија. Сето тоа доведуваше до постапки во кои, ќе повторам уште еднаш, има обезвредување на имотот на фирмите во кои се водеше стечајна постапка. Имаме ситуација за на крајот, кога ќе дојде процесот на ликвидација на тие фирми да повеќе ништо не постои од тие фирми. Сите го прочитавте примерот од Битола, деновиве, со “фринко”, каква беше состојбата кога започна стечајната постапка и вредноста на имотот, каква е денеска после 7 години водење на стечајна постапка.

Од тие причини, само потсетете се и во јавноста, еден ист стечаен управник, истовремено стечаен управник на три - четири големи фирми кои многу значат во Република Македонија. И на крајот, од сета една таква ситуација, најоштетени во оваа држава се доверителите. Што е обратен процес од било која развиена земја во светот. Ние сме изгледа една од последните земји во светот што ги штитиме должниците наместо доверителите.

Сметам дека Владата прави погрешен чекор. Тоа го укажаа сите членови на Комисијата за економија со изгласувањето на овој амандман и јас би предложил да Владата го прифати амандманот на Комисијата за економија под тој услов, иако може да се каже дека не е добро, но она што ќе се постигне е да се овозможи на Владата, наводно за оние 10 или 12 илјади, фирми кои не постојат или фиктивно постојат, да може во овој период да се изврши постапката на тие фирми и процесот на ликвидација, додека, повторно да се врати од 30 јуни старото решение.

Од претставникот на Владата не успеав да слушнам зошто не го прифати амандманот, иако сметам дека е најдобро решение воопшто да нема измена на Законот за стечај и да остане решението еден стечаен судија, да не може да води повеќе од три стечајни пстапки истовремено.

Образложението дека нема доволен број стечајни управници, ве молам, тоа го зборував и на Комисијата за економија. Во оваа држава постојано зборуваме за огромен број на невработени еконимисти, правници на кои може да им се овозможи обука и полагање за стечајни управници и после тоа да бидат ангажирани. Или, да бидат ангажирани во тие, како што ги изнесе заменикот министер,правни субјекти што постојат регистрирани за оваа дејност.

На крајот, овој закон, вака како што е предложен нема да го подржам и сметам дека и Собранието не треба да го подржи, кога членовите на матичната комисија едногласно, вака како што е предложен, не го подржаа, туку го подржаа со предложениот амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Николов Маријанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, би сакал да кажам дека нашата пратеничка група исто така нема да го подржи овој закон, покрај причините што ги наведе господинот Слободан Најдовски, сметам дека времето од донесувањето на овој закон, тоа е некаде месец март, а исто така и времето кога е формирана новата Влада е многу кратко за да може да се процени дали токму овој член создава проблеми околу спроведувањето на Законот за стечај.

Така што, во ова брзање, токму овој член да се смени, мислам дека се отвораат многу прашања, за што не би сакал сега да навлегувам во таа проблематика, едноставно треба да се почека уште извесен временски период, а потоа, доколку се покаже дека покрај овој член постојат и други пречки во спроведувањето на Законот, да се интервенира.

Сметам дека времето што е изминато од донесувањето на Законот и од стапувањето на новата Влада на функција е многу каратко за да може да се процени дали има проблеми во спроведувањето на законот, токму во делот на бројот на стечајни постапки што може да ги спроведува еден стечаен управник.

Професијата стечаен управник, во изминатиот период беше една од најизвиканите во државата. Сигурно, причините за тоа, покрај долготрајноста во водењето на стечајните постапки, се и големиот борј на стечајни постапки што еден стечаен управник можеше да ги води. Така што се создадоа некои легендарни стечајни

управници, мислам во негативна смисла, за кои има поведено кривични постапки.

Само еден податок, дојдов до информација дека во Велес, моментално, еден стечаен управник води 11 стечајни постапки и од разговорите со вработените, пред се каде ги води овие стечајни постапки, а и дела на доверителите, има големо незадоволство, затоа што не може, колку и да сака, еден човек, реално интелектуалните капацитети верувам дека не дозволуваат да се зафати со повеќе стечајни постапки од минимум три.

Така што, мислам дека се избрзува со овие измени на Законот и затоа нашата пратеничка група нема да ги подржи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:**Благодарам претседателе, јас имам процедурално.

Од името на пратеничката група на НСДП, заради дополнителни консултации, барам пауза од еден час.

**Љубиша Георгиевски:** Барате еден час пауза?!

Добро, еден час пауза.

(Пратениците отидоа на пауза во 11,43 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,51 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

За збор се јави господин Никола Поповски. Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Претседателе, почитувани пратеници,сакам кратко да се изјаснам во врска со Законот затоа што практично овој закон е еден вид амандман, се однесува само на половина реченица од еден закон кој се брише.

Ако сакаме да се вратиме на историјата како овој закон со овој амандман е донесен, тогаш ќе видиме дека е донесен на предлог на пратеник, дали во тој момент беше преминат или не, во НСДП, важно беше донесен од пратеник кој сега е член на НСДП.

Јас лично мислам дека решението кое се предлага е лошо, можам да ја уважам аргументацијата дека само на три може да е проблематично, меѓутоа, вака ставениот амандман дека целосно се брише, отвора простор дека е можно во иднина без ограничување еден стечаен управник да добие голем број на претпријатија во стечај, да ја води стечајната постапка.

Во Република Македонија имаме доста примери за тоа. Еден од примерите е лош пример кој веројатно го поттикна законодавниот дом пред неполна година дена да го донесе овој амандман, а тоа беше 4-5 најголеми стечајни постапки во Македонија судот, кој е независен од власта, законодавна и извршна, судот даде на еден стечаен управник да ги води. Неговото име е општо познато, еден млад господин кој нема да го спомнам сега, но кој во одреден период на барање на судот требаше да се појави во својство на обвинет си замина од Македонија, односно пребега и сега го нема, а ги водеше стечајните постапки на најпроблематичните стечаи, најголемите стечаи во Македонија од Топилницата во Велес, Експорт-Импорт банка и други големи стечаи.

За да не се повторат таквите случаи добро е овој амандман односно овој закон да не остане во ваква форма затоа што тој ќе го легализира и понатаму таквото однесување и некој друг таков господин да може истото да го направи и да пребега од Македонија и тн.

Доколку Владата има намера да остане на ова, јас би советувал овој закон да се повлече и да се достави со критериум односно може и повеќе од три, меѓутоа, да има некое друго огрничување. Некој од критериумите може да биде стечајни постапки по број на вработени. Да речеме еден стечаен управник може да води повеќе постапки од три, меѓутоа, не ако вкупниот број на вработени во фирмите кои се во стечај се над 300 или над 500 или над 100, да има некој критериум. Инаку, со ваков закон може да води стечајни постапки на 10.000 вработени, или според големината на капиталот на фирмата, по некоја методологија дали надворешна процеќа со некоја ревизија, проценители или сметководствената да се лимитира.

Стечајна постапка на претпријатија, во овој случај на трговски друштва, банки и тн. чиј капитал на пример не надминува, ако сакаме да го следиме трендот и можната променливост на курсот на денарот, не надминува 500.000 евра или 1.000.000 или 5.000.000 евра, меѓутоа да имаме критериум, па дури би можел да биде кумулативен критериум број на вработени и капитал на фирмата. Тогаш може да се ослободи ова што Владата ја загрижува дека има голем број на стечајни постапки, а не постојат толку можности за стечајни управници, меѓутоа, тогаш ќе имаме една брана од која ќе бидеме заштитени како општество.

Втората варијанта е тоа што е одбиено на Комисијата за економија која ја води господинот Љубисав Иванов, каде има еден поинаков механизам да се даде рок од неколку месеци после тоа да продолжи да се води старото решение со цел да се исчисти тоа за кое Владата е загрижена за стечајните постапки на таканаречените човек фирми кои дефакто не постојат ни во стечајната постапка како што законите налагаат. Меѓутоа, ако е тоа што го има Комисијата направено како сопствен амандман во извештајот пишува дека Владата не го прифатила. Со сите овие неприфаќања се плашам дека ќе имаме поголем проблем како општество отколку решавање на работите. Лично мислам дека и за Владата со текот на годините две-три ќе се кумулира доволен број на моќници во стечајните постапки кои ќе станат товар на Владата, знаејќи дека таа го симнала тоа и ќе и

биде на товар на Владата зошто се водат стечајните постапки од неколку луѓе во најголемиот број на компании во Република Македонија, особено оние со голем број вработени и голем капитал или со висок износ на средства кај доверителите ги побаруваат во стечајната постапка.

Од тој агол би советувал во расправата Владата да се изјасни или за повлекување на предлогот за да го достави повторно со некои критериуми за кои зборував или евентуално како резервна варијанта по мене понеповолна, но подобра отколку законот каков што е да се прифати ова што господинот Иванов го има потпишано односно тоа што Комисијата за економија го има предложено до Владата или другите амандмани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика за Ристанка Лалчевска, три минути.

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Јас би сакала само едно појаснување на она што мојот ценет колега Никола Поповски го изнесе односно тој кажа за својата дилема дали досегашното решение со ограничување на три стечаи на еден стечаен управник или новото решение на Владата без ограничување навистина претставува дилема, барем јас така го разбрав.

За контролниот механизам посочи еден лош пример од минатото.

Тука би дополнила и посочила на членот 31 дека постои контролен механизам, наиме во членот 31 точка 5 многу прецизно е кажано дека стечајниот судија при именување на стечаен управник на нов предмет ќе го има предвид бројот на стечајните постапки за кои е именуван и обемот на работите во постапката.

Значи, во законот постои контролен механизам за кој треба да се грижи стечајниот судија, а тоа се обемот на работа и бројот на стечајните постапки.

Токму затоа во законот е предвидена оваа одредба за да има механизам да не одат стечаите кај "еден стечаен управник". Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, контра реплика една минута за господинот Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Госпоѓата Лалчевска упатува на нешто што не е квантифицирано, а јас токму за квантификација се залагав. Стечајниот судија ќе има предвид законска одредба која не му налага да не направи тоа за што зборувавме. Тој ќе рече имав предвид и го донесов ова решение. Субјективна е проценката и не е ограничена со закон квантитативно.

И покрај тоа што законот е таков верувам дека госпоѓата Лалчевска ако таа е во таква ситуација како стечаен судија ќе применува критериуми кои се добри, меѓутоа, ан блок, ад хок, априори, јас не верувам во стечајните судии дека се однесуваат без законско ограничување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Роза Топузова - Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници од Владата, навистина имаме еден закон со само еден член кој ни е предложен и тоа да се брише алинејата 10 од веќе постојниот закон кој и така го донесовме многу скоро односно во месец мај 2006 година. Сакам да кажам дека тогаш немаше пратеник кој барем не зборуваше во насока дека е добро да се донесе закон за стечај без разлика дали беше од парламентарното мнозинство или опозицијата, сите се согласувавме дека стечајната постапка еднаш треба да биде регулирана со закон конечно во Република Македонија некои работи да тргнат на подобро и стечајните постапки да се сведат во едни логични рамки,а не да траат со години се додека во целост не го потрошат она што го имало одредената фирма која на почетокот покренала стечајна постапка.

Мојот почитуван колега пред малку кажа како е дојдено до ова решение односно како е лимитиран бројот на стечајните постапки кои може да ги води еден стечаен управник. Имено, само пред неколку месеци во членот 22 по интервенција на два пратеника со амандман се ограничи бројот на тоа колку стечајни постапки може да води еден стечаен управник. Вели, за стечаен управник не може да се именува управник кој до тој момент веќе води стечајна постапка во најмалку три претпријатија.

Поднесениот амандман беше одбиен од Владата и потоа пратениците скоро едногласно односно во најголем број го поддржаа овој амандман и тој стана составен дел од законот, односно членот 22.

Како што беше спомнато двајцата пратеници се од НСДП и очекувам пратениците од партија ќе го поддржат амандманот кој го имам поднесено, а мојот амандман се состои во насока да се брише овој еден единствен член односно да остане постојното решение.

Зошто мислам дека е добро да остане постојното решение? Читајќи го образложението кое ни беше дадено со законот односно со овој еден единствен член вели: "Во Република Македонија до сега со уверение за положен испит за овластени стечајни управници се стекнале околу 200 физички лица и 16 друштва овластен стечаен управник. Во последните неколку години во судовите се примаат просечно по 1500 до 2000 предлози со отворање на стечајна постапка. Јас верувам дека податоците се точни штом ги наведува Владата. Навистина околу бројот на стечајните управници верувам дека е точен бројот иако е доста голема варијацијата од 1500 до 2000 очекував малку попрецизно да се изјасни Владата, но сепак го прифаќам дека е точно. Но, би сакала да кажам дека треба да се има во предвид дека повеќе од 90%, но еве и јас да не

бидам непрецизна како Владата, стечаите се водат во постапка која не се спроведува, туку едноставно судот ја отвора и знаеме дека во исто време ја затвора стечајната постапка бидејќи предалгачот - сопственикот на фирмата дава нотарски заверена изјава со која кажува дека фирмата не поседува имот. Во таквите случаи стечајниот управител воопшто не земал учество во целата постапка , нема потреба да се појави на рочиштето, туку судот на само едно рочиште во присуство на сопственикот на фирмата или на негов полномошник донесува решение за отворање и истовремено затворање на стечајната постапка.

Поради тоа сметам дека аргументот што е наведен не држи еден стечаен управник може да води безграничен број на стечајни постапки во исто време затоа што со тоа ќе се предизвика застој во стечајните постапки како што досега го имаме, напротив сметам дека таквото ограничување можеби ќе биде уште еден мотив повеќе доколку остане на три стечајните управители поефикасно си ја завршат својата работа со цел да можат веднаш да преземат друг предмет, а не тоа да ја успори стечајната постапка.

Од друга страна сакам да кажам дека со она постојно решение кое го имавме до сега во Република Македонија имаме многу фирми во кои имаат стечајна постапка која трае неколку години и тука би ги спомнала само некои затоа што сите да се набројат нема да ни стигне цел ден да дебатираме по оваа точка и тоа: Македонија  дрво - Скопје, Метропол - Скопје, Славија Скопје, Центро Скопје, Топилницата во Велес, Газела - Скопје, посебна приказна со Експорт Импорт банката, Борово во Скопје, ЕМО Охрид и уште многу, многу кои најголем дел од нив ги води ист стечаен управник и знаеме до каде е ститната целокупната постапка.

Сметам дека овој закон треба да се повлече од натамошна процедура. Можеби она решение што ќе ни се предложи со амандманот, ако се прифати, од господинот Љубисав Иванов односно од Комисијата за економија донекаде претставува премостување на една состојба, но сепак останувам на тоа дека е најдобро да се прифати мојот амандман со кој ќе се избрише овој еден единствен член и со тоа ќе го немаме оној преоден период, туку ќе се овозможи стечајните управители многу сериозно да се зафатат со она што го работат и час поскоро да се затворат стечајните постапки кои се влечат со години.

Доколку се прифати амандманот можеби до некаде ќе ја ублажи оваа состојба, но јас стравувам дека може да ни се случи некаде во јули месец повторно да се пролонгира и повторно да продолжи до бескрај оваа одредба да не се применува.

Што се однесува до контролниот механизам, навистина тој постои, но би сакала да напоменам дека тој се однесува и е во корелација со она што јас го говорам, односно со точката 10 од членот 22, каде е ограничен бројот и тука имаме децидно ограничување. Судијата мора да води сметка и не може да дозволи повеќе од три  постапки да води еден стечаен управник. Со укинувањето на точката 10 во членот 22 се остава произволно на судијата сам да одлучува колку според него е доволен број на постапки кои тој ќе дозволи да води еден стечаен управник. Токму поради тоа, уште еднаш апелирам законот во целина да се повлече и да не одиме воопшто на амандманска расправа, а Владата уште еднаш да изготви поцелосни анализи, поверодостојни, околу водењето на стечајните постапки и се согласувам, можеби не треба да биде ограничено вака на три постапки, дали треба да биде во зависност од капиталот кој е влезен во стечајната постапка, дали можеби би имало некој друг поиздржан критериум, но во секој случај мислам дека е време да престанеме еден стечаен управник да води по 6, 7, па и поголем број стечајни постапки и за нив овде во Собранието да дебатираме со години, без разлика дали се наоѓаме во парламентарното мнозинство или во опозицијата.

Уште еднаш на крајот би апелирала до Владата да го повлече овој Предлог на закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три мунити реплика за господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Почитуван претседател, драги колеги,

Неколку пати беше спомнато моети име и Комисијата за економски прашања. Од целава дискусија произлегува, како и од работата на Комисијата за економски прашања, дека ние практично со овој закон треба да овозможиме да се надмине еден проблем кој се појавува во државата, а тоа е проблемот со стечаите и времето на завршување на тие стечаи да биде побрзо.

На седницата на Комисијата детално се зборуваше за сето ова и го уважи Мислењето на Министерството за економија дека во овој момент има недоволно стечајни управници, поради тоа што некои веќе заминале во пензија, некои ја напуштиле земјата, како што кажаа тука некои колеги, а исто така има и стечајни управници кои не располагаат со одредена стручна подготвеност, па според тоа во еден временски период додека се оквалификуваат, образувааат или изнајдат способни луѓе кои ќе се занимаваат со стечајот, да се овозможи еден стечаен управник да води повеќе од три стечаи. Во тој поглед, во Комисијата имаше голема меѓусебна согласност, а гледам и тука во Парламентот дека пратениците во нивните дискусии не го политизираат овој случај, туку излегуваат со предлози кои се на оваа линија за која се зборуваше, од кои причини и Комисијата за економски прашања го предложи овој амандман.

Затоа, ја молам Владата, позицијата, опозицијата, сите колеги пратеници да го поддржат овој амандман, кој е од времен карактер и кој после тоа ќе ги сведе работите во нормални колосеци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор заменикот министер.

**Кирил Спанчев:** Благодарам претседателе.

Само едно дообјаснување. Не се работи за тоа дека нема точни податоци за стечајни постапки, а тоа ќе го потврдам со следните податоци. Во 2005 година се отворени точно 4288 стечајни постапки, а затворени се 3093. Во 2006 година се отворени 1813 стечајни постапки, а тоа значи, како што пишува во образложението, има околу 2000 постапки и се работи за постапки кои се процесуираат во текот на било кое време од годината. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за госпоѓата Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Јас сакам да се заблагодарам за овие информации, но мислам дека информациите треба да бидат доставени до пратениците, затоа што така ќе можеме да говориме со точни бројки и да изнесеме повеЌе аргументи. Јас не се сомневам дека Министерството ги нема овие податоци, но и самиот почеток реков дека би било добро кога се доставува образложение да имаме прецизни бројки, а не една бројка од - до, која може различно да се толкува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Аднан Јашари:

**Аднан Јашари:** Накратко ќе се потрудам да го кажам моето мислење во врска со овој Предлог на закон, каде се говори не само за измената на една точка од членот 22, точка 10, туку како што се нагласи од неколку претходни говорници, сето ова има значење. Сите знаеме дека стечајот како начин за прекинот на работата на трговските друштва кај нас е регулиран со посебен закон, тоа е Законот за стечај, за разлика од другите начини како што се ликвидација и друго, што се регулирани со други акти или закони. Како што се нагласи, Законот за стечај е донесен во 2004 година и во споредба со претходниот закон донесен во 1996 година, во неговата структура правно не се менува. Има измени во оваа насока и се сеќавам кога се донесе овој Закон за стечај како измена беше токму и можноста за ограничување еден стечаен управник да може да биде назначен да води повеќе субјекти во кои се отворени стечајни постапки. Не сакам да зборувам зошто во минатото се постапи така, но и покрај тоа ќе ми дозволите да кажам 2-3 збора за овој предлог што е предложен.

Поаѓајќи од фактот дека законот за кој говориме во членот 20 дозволува можност стечаен управник, покрај физичко лица да биде и правно лице, како што е трговското друштво и тоа во одредени форми, како трговско јавно друштво и ограничено со други организациони форми, па се создава можност во случаи кога трговските друштва се назначуваат да можат да имаат стечаен управник од редот на вработените во овие друштва, оние кои исполнуваат одредени услови, тие кои имаат положено и имаат сертификат за овластен стечаен управник. Со тоа тие да можат да се определат во улогата на тој што ја води стечајната постапка во овие субјекти како стечаен управник. Во оваа насока, по мое мислење, би било добро ограничувањето да постои за случаите, стечаен управник да биде физичко лице, затоа што и покрај тоа, доколку се отстрани оваа можност или ова ограничување, создаваме простор физичките лица кои имаат лиценца да извршуваат улога на стечаен управник да можат да се назначат во неколку стечајни субјекти и преку нивниот ангажман во неколку стечајни субјекти создаваме можност оваа функција да не се извршува до потребното ниво.

Лично сметам дека вакви ограничувања не треба да има за случаите кога за стечаен управник се назначуваат трговски друштва, затоа што во овој случај имаме можност еден од вработените да се назначи во еден, два или три стечајни субјекти и во оваа насока секој вработен во овие трговски друштва како субјекти или како стечајни управници ќе има можност да се ангажираат во повеќе стечајни субјекти.

Сакам да нагласам дека ова мислење сум го изнел и во моментот на изготвувањето на Законот за стечај, затоа што тогаш бев член на Работната група за изготвување на законот. Уште тогаш имавме дилема за точката 10 на членот 22. Покрај тоа што е предложено, уште еднаш ќе подвлечам, ценам дека отстранувањето на ограничувањето и за физичките и за правните лица не е вред.

Во оваа насока, бидејќи се спомна членот 31 точка 5, сакам да нагласам дека овој член нема врска со членот 22 точка 10, туку непосредно значи алтернативна можност стечајниот судија во случаите кога како предлагач е доверителот, во овие случаи со предлог за отворање стечајна постапка не предлага и еден стечаен управник, му е дозволена можност како на стечајниот судија но секогаш во рамките на точката 10 на членот 22 да може да назначи и стечаен управник. Според ова што го кажав, ќе повторам уште еднаш, би било сходно ограничувањето да се отстрани за правните или трговските друштва, но не и за физичките лица. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ристанка Лалчевска, реплика три минути.

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Навистина сакам да расчистам околу членот 31, а гледам сега и колегата го спомнува.

Стечајниот судија ќе одлучи за стечаен управник, меѓутоа, претходно има предлог за именување кој доаѓа од доверителот. Тоа е еден принцип на автономија која мора да се почитува. Со ограничувањето овој принцип на автономија се нарушува.

Во однос на контролирањето на судијата дали ќе одлучи "стечаите" да му ги даде само на еден, механизам во законот има. Ние сите забораваме дека со законот, со донесувањето на новиот закон за стечај во март 2006 година се воведе нешто што се вика Стечаен совет, составен од тројца судии, во кој не учествува стечајниот судија. Тој Стечаен совет одлучува токму по жалбите за работењето или погрешното работење на стечајниот судија и понатаму му се пропишани надлежностите. Значи точно е затворен механизмот на контрола. За ценењето колкав е обемот на стечаи што ќе ги добие стечајниот управник, дали ќе може или нема да може да ја заврши стечајната постапка, механизмот е предвиден во законот, а ние со воведување на ограничување само го нарушивме основното начело на правото на автономија за предлог за стечаен управник на доверителот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Аднан Јашари, контра реплика една минута.

**Аднан Јашари:** Во членот 31 точка 1, меѓу другото, се вели: стечајниот судија по предлог на доверителот го именува и стечајниот управник. Но во точка 3 од овој член се говори за случаите кога доверителот не предлага стечаен управник. Во оваа насока постои или се почитува волјата на стечајниот судија, но секогаш во рамките на императивната рамка предвидена во членот 22 точка 10. Оваа волја релативно постои само во рамките на тоа што е предвидено во точката 10. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова. Повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Би сакала и јас да ги искажам своите размислувања околу Предлог законот што се предлага. Еве, од овој закон можеме да констатираме дека иако некој закон содржи само еден член, тој може да побуди дискусии затоа што со еден член може да направиме многу негативни и несогледливи последици во праксата на терен.

Заради јавноста да кажам дека овој закон има само еден член, со кој се бара бришење на членот 22 став 2 од Законот за стечај, со кој се дава право да бидат именувани или поставувани стечајни управници во фирмити во кои се отвора стечајна постапка во неограничен број.

Сега повторно заради јавноста, а и заради нас тука да се потсетиме, зошто овој член или овој закон доби толку голем интерес. Затоа што ова решение има поранешна генеза. Ќе тргнам од почеток.

Во поранешниот закон за стечај од 1997 година, во членот 20 став 2 беше уредено дека стечаен управник не може да биде именувано истовремено едно лице во повеќе од едно големо претпријатие, едно средно претпријатие или најмногу во две мали претпријатија. Оваа одредба при практичната примена, навистина, предизвикуваше дилеми, затоа што не беше доволно јасна и прецизна, затоа што од страна на стечајните судии немаше цврсти параметри според кои може дефинитивно да се сврсти претпријатието во мало, средно или големо претпријатие. И наместо да се пристапи кон утврдување на критериуми да се доразработи ова решение и нашата претходно Влада, зборувам за Владата во претходниот мандат која што ја предводеше СДСМ, предложи едно вакво решение во Законот за стечај. Верувајте, и тогаш ова решение предизвика бурна дебата како во комисиите така и овде во Парламентот, затоа што без исклучок сите ние овде пратениците се согласивме дека ова решение е лошо, ова решение ќе роди уште илјадници "тамбурковци" кои што ги имаме, ова решение ќе се одрази на фирмите во кои се отвора стечајна постапка, а во кои има државен капитал. Бранејќи го сите овде здушно, сите пратеници без разлика, на предлог на колегата сега од НСДП од Гостивар Славе, тогаш сите пратеници овде, иако Владата како претставник на предлагачот на законот не го прифати амандманот од колегата Славе, ние тука сите присутни еднogласно го поддржавме овој амандман и тој стана составен дел на текстот на законот. Ако тогаш сме го поддржале сите пратеници од СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и се надевам - не знам за НСДП, се надевам господинот Тито Петковски ќе го држи истиот став кој што тогаш го имаше господинот Славе - и очекувам дека НСДП ќе го поддржи нашиот амандман да се брише, практично да не се донесе овој закон. Сметам дека сега навистина немаме други аргументи со кои поинаку би настапиле. Сега само што може да се направи?

Сега може Владата односно предлагачот да го повлече овој закон и да пристапи кон доуредување или утврдување точни критериуми во колку фирми и во какви фирми најмногу може да биде именуван стечаен управник. Не држат сите овие образложувања дека се нарушувало начелото на итност, се нарушувало начелото на економичност и дека не можеле да се спроведат стечајните постапки, затоа што имало малку стечајни управници. Па ќе има малку стечајни управници се додека се држи монопол на полагањето на испитот за стечајни управници.

Имаме ние голем број заинтересирани луѓе кои што сакаат, а се невработени, сакаат да вршат своја професија, што секако дека ќе бидат добри стечајни управници, не држи ова. Во што се состои работата? Тука сакаме да докажуваме дека имало механизми, имало баланс кој кого поставува, дека стечајниот судија одлучувал. Во што е целиот проблем? Зошто се поднесува од Владата ваков закон и зошто ние пратениците од опозицијата, јас се надевам дека и од позицијата ќе ме поддржат, како што кажав, јас од НСДП ќе бидам изненадена ако го поддржат овој закон.

Еве за што се работи. Се работи за стечајните постапки на фирмите во кои што има државен капитал. Заради тоа го поднесуваме овој амандман и заради тоа бараме од Владата да го

повлече овој закон. Јас ќе гласав за овој закон, доколку претставникот на предлагачот ни поднесеше овде во образложението, наместо да оперира со  аргументи дека се нарушувала итноста, економичноста, да кажеше дека во Република Македонија постојат толку фирми во кои што има државен капитал и во овие фирми е голем државниот капитал и овие стечајни управници нема да можат да се придржуваат кон сите начела на стечајната постапка, затоа што имаме како што кажале толку стечајни управници, а имаме толкук фирми со државен капитал во кои што навистина треба брзо и ефикасно да се спроведат стечајните постапки. Не дека правам разлика. Правото не прави разлика меѓу сетечајни постапки во фирма, по претпријатија или во правен сусјект што има државен капиал или приватен капитал, туку заради тоа што во фирмите, односно  во правните субјекти, кои што се во приватна сопственост, доколку се отвори стечајна постапка, тогаш стечајните доверители ја диригираат постапката. Истото тоа го прават и во фирмите каде што има државен капитал. Но таму за жал, или за радос, одборот на доверители го претставуваат, или во одборот на доверители се претежно претставниците на институциите на државата кои што управуваат или кои што располагаат со тој општествен капитал. Па така, во една фирма, во еден правен субјект, каде што е отворена стечајна поастапка, каде што има државен капитал, ќе ви се јават во одборот на доверители членови, претставник задолжително од Министерство за финансии, од Управа за јавни приходи, затоа што по правило не се плаќаат прво даноците по сите основи, потоа претставник од Фондот за здравство, затоа што не се плаќа по правило платите, а со тоа и придонесите од здравство, претставник од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, затоа што0 не се плаќаат придонесите по основ од работен однос. Значи, одборот на доверители го сочинуваат мнозинскиот дел претставници од државните институции.

Ако се земе предвид решението што се нуди сега, јасно е зошто се предлага  ваква измена. За да има владеачката гарнитура влијание врз стечајните постапки, за да има можност  да постави свои блиски стечајни управници ба фурнуте во кои што има државен капитал, за да може да има контрола  во текот нс стечајните постапки, а секако , можеби и некаква корист. Инаку, зошто би се залагало за вакво решение.

Значи не може ние во сфаќањата, во мислењата да одиме напред назад. Неслучајно јас ја кажав генезата на креирањето на ваквото решение. Немојте да се враќаме назад. Ако еднаш сте направиле исчекор, ако еднаш ние пратениците сме укажале на Владата, на тогашната Влада дека ова не смее вака, сега не треба да се враќаме назад. Туку сега треба предлагачот да го врати назад законот и навистина, да поднесе една целосна анализа  до пратениците, со која што анализа ќе биде јасни параметри, особено за државниот капитал во фирмите кои што се под стечај, или кои што ќе бидат евентуално под стечај врз основа на заклучоците изведени од состојбат. Секако, државата мора да води сметка за тој државен капитал, каква е состојбата во тие фирми, па после да поднесе закон во кој што има решение, каде што ќе дадеме стечајните управници да бидат стечајни управници во повеќе фирми но со квантифицирани или јасно утврдени критериуми.

Инаку да ви кажам, заради јавноста, ова решение се поднесува само заради  да се овозможи законски основ  во претпријатијата или во субјектите каде што имаме сеуште државен капитал да бидат поставени стечејни управници кои што веќе имаат сигурно по три стечаи и кои што се блиски на сегашната власт да можат да имаат влијание во стечајните постапки

И уште нешто би кажала. Зошто вака ги одделувам стечаите на приватните претпријатија, со приватен капитал и на државните. Не заради тоа, да не бидам погрешно сфатена како правник и толкувана. Не заради тоа што треба различен пристап, или различно решение, ние различно решение не може да имаме, туку заради тоа што за државнот капитал треба да водиме сметка сите ние, а за приватниот капитал, за фирмите кои што  се во приватна сопственост и се под стечај си води сметка сопственикот и одборот на доверители, кои што секако се субјекти, кои што стапувале во правен промет со фирмата која е во стечај.

Затоа, уште еднаш предлагам и молам предлагачот да ги земе предвид сите овие образложенија, да си го повлече законот, затоа што овој закон е навистина лош, затоа што ова решение веќе еволуирало. Затоа што ние сме ја откриле целта многу порано зошто вакво решение се предлага и ако сите сме го надминале, сега немаме право  и никој нема да ни даде за право  да врќаме повторно нзад решение што сме го имале, а кое што решение за жал, ни правело и ќе ни прави Тамбурковци во сите фирми  каде што ќе се отвори стечајна постапка, а каде што имаме државен капитал. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Лалчевска Ристанка има реплика три минути,

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам претседателе, навистина малку сум разочарана од последниот дел на говорот на вас колешке Иванова, бидејќи исклучително многу го ценам вашето правно искуство и вашето познавање на системот пред се. Велите дека владеачката гарнитура ќе ги контролира стечајните управници. Јас сега се прашувам како. Ајде да одиме по ред. Кој ги поставува стечајните управници? Стечајните управници по барање на доверителот го определува стечајниот судија. Кој го контролира стечајниот судија? Него, неговото работење го контролира  Стечајниот совет од тројца судии, во кој не е вклучен стечајниот судија. Значи, тоа е тој механизам. А судството е независно нели?

Ние влеговме во уставни измени, донесовме низа закони со кои му дадовме независност на судството да го ослободиме од сите политички влијанија. Дури ни Парламентот, ни Владата немаат никакво влијание врз изборот на судиите. Си има судски совет, кој ќе се занимава со работата на третата влоаст. И како ве молам, Владата може да има влијание во изборот на стечаен управник. Ако вака размислувам,е, јас навистина жалам што ја доведуваме дури под знак прашалник реформата која што јас силно ја поддржав кога бев во опозиција да го ослободиме судството токму од Владата или од Парламентот. односно од политиката. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контре реплика се јави Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам на репликата госпоѓа Лалчевска.

Значи целта на стечајната постапка е да се намерат сите доверители во постапката.

Стечајниот управник го поставува стечајниот судија, но на предлог на доверители, односно на Одборот на доверители. Во фирмите, во стопанските субјекти, во првните субјекти, каде што има државен капитал во Одборот на доверители се претежно членови, претставници на државниот капитал. Тоа се претставници од Министерството за финансии, Управата за јавни прихди за неплатени даноци, од Фондот за ПИОМ, претставник од Фондот за здравство и секогаш Одборот на доверители има пресудна улога во поставувањето и на таков начин ќе има огромна улога при донесувањето на сите одлуки во стечајната постапка.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Мијрана Секуловска.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам претседателе. Ќе се согласите сите со мене дека очигледно, станува збор за една многу комплексна и суптилна материја, а тоа е стечајот за кој што може долго да дебатираме тука. Меѓутоа, јас би кажал да се фокусираме тука на ова што значи измена на Законот за стечај.

Инаку на почетокот би кажала дека во консултација и соработка со оние кои го пратицираат законот за стечај, велат дека истиот тој закон за стечај е премногу обемен, односно составен од 365 члена и дека истиот треба да претрпи измени во смисла донесување на модерен закон за стечај, кој што ќе биде компактибилен на европското законодавство и во таа насока сакам да кажам дека и оваа измена на Законот за стечај, која што се однесува на членот 22, став 1, каде што точката 10 се брише и се вели дека стечајниот управник може да има неограничен број на стечајни постапки и е во насока на усогласување на Законот за стечај со законите на Европската унија. Приближу вање до она што значи европско законодавство, а друга е работата што Законот за стечај е во колизија, односно ма многу противречности. Постои некоегзистентност на Законот за стечај со Законот за парнична постапка. Конкретно има еден голем број на противречности кои тук можат да се спомнат и треба и таму да се реагира и да се итенрвенира со соодветни измени. Меѓутоа, сега не би зборувала за тоа. Сепак би се вратила на она што значи измена и дополнување на Законот за стечај, во смисла доделување на стечајните управници на неограничен број стечајни постапки. Со амандманот што го спомнавме на Комисијата за економски прашања, едногласно се усвои макар тој неограничен број на стечајни постапки да биде во ограничен временски период, односно до 30.06.2007 година.Сепак и тоа значи еден исчекор, еден напредок “во одврзувањето на Гордиевиот јазол”, она што значи долготрајно, неефикасно водење, дури и со криминална завршница на одредени стечајни постапки.

Во прилог на ова зборува и состојбата во судовите со бројот на примените и нерешени постапки, стечајни предмети, како и бројот на стечајните управници кои се определени за водење на овие постапки.

Во овој контекст, сакам да се произнесам и да го кажам следното дека ние треба да веруваме во она што значи проект на Владата во насока на разрешување на започнатите стечајни постапки и завршување, односно зголемување на бројот на завршените стечајни постапки, затоа што сепак претставникот на Владата се произнесе и кажа дека начинот на кој ќе се доделуваат стечајните постапки на стечајните управници, ќе биде регулирано и контролирано со соодветни подзаконски акти и правилници, каде што веќе се изградени критериуми, врз основа на кои ќе се доделуваат тие стечајни постапки.

Еве само колку за пример во Охридското пдрачје, според последните пдоатоци од Министерството за правда, спроведени се и чекаат за решавање 100 предмети, а за дел од тие предмети се веќе отворени стечајни постапки и именувани стечајни управници, а постапките се во тек.

Доколку остане ваква одредбата за ограничување на претпријатијата во кои може да биде определен еден стечаен управник, тогаш дефинитивно би дошоло до застој во решавањето на овие предмети. Бидејќи за Охридското подрачје се стеајни управници со уверение за овластен стечаен управник четири или пет. И дел од нив веќе водат стечајни постапки, а имајќи го предвид бројот на предметите што погоре го наведов, без оваа измена значи дека би дошло до голем застој во решавањето на овие предмети.

Во таа насока сметам дека треба да се поддржи Предлогот на измената на Законот за стечај, заедно со предложениот амандман. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор заменикот министер.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе.

Само едно дообјаснување. Сакам да укажам дека Министерството, односно Владата не ги именува

стечајните управници, меѓутоа, тоа беше реплицирано од колешката Лалчевска. И една друга работа, сакам да укажам дека за некоја случајност и јас ја знам генезата на овој Закон, затоа што и тогаш се предложи пауза за овој амандман и во консултации на паузата, шест експерти беа консултирани дали да се прифати амандманот или не. Сите шест рекоа дека не треба да се прифати. И една друга работа во однос на стечајот, покрај доверителите, пријава за стечај може да поднесе и должникот, посебно во подзаконските акти. Тоа значи дека должникот може да предложи и стечаен управник, да се направи план за реорганизација. Значи сите претпријатија што се во потешкотии можат на еден полесен начин да излезат од кризата. Тоа беше и во расправата кога се носеше Законот, посебно потенцирано и беше прифатено.

Значи, сега се работи за обука и имплементација на стечајните судии, стечајните управници, должниците и доверителите. Значи, ќе правиме обука и на доверителите, затоа што и таму има проблеми. Кога има Одбор на доверители, Собрание, не ги знаат правата и должностите. Затоа треба овој закон да се прифати. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, јас за разлика од мојата колешка Цветанка Иванова, немав илузии дека НСДП ќе гласа против овој закон. Но ќе зборувам евентуално со отворена дилема дека амандманот од Комисијата за економски прашања го решава проблемот. Напротив, не мислам дека со тој амандман ќе се реши проблемот. Напротив, до 1 јули ќе се постават стечајни управници таму каде што треба. Дали ќе бидат тоа од НСДП, дали ќе бидат тоа од Социјалистичката партијс, ние како опозиција благовремено ќе ја известиме јавноста. Но тоа не ни вреди ништо што после 30 јуни ќе се вратиме на едно решение дека повторно треба да бидат ограничени на три. Не гледам логика дека еко цело време сме против ограничување да нема повеѓе еден стечаен управеник контрола, или да не води стечајна постапка во повеќе од три претпријатија, која е логиката сега Владата да прифати еден амандман дека тоа е добро, ама после 30 јуни 2007 година. Тоа е навистина, една алиби ситуација, која што да му се даде знчај на претседателот на Комисијата за економски прашања дека придонел нешто во расправата. Напротив, за нас сеуште останува тврдењето дека многу мака виде народот од неколку стечајни управници и затоа тогаш сите пратеници без разлика на позиција опозиција застанаа зад амандманот на колегата Славе Арсовски тогаш и се изгласа тој амандман и стана составен дел во Законот. Не држи тврдењето дека се запреле процесите на решавање на стечајните постапки, бидејќи, како што и самиот министер кажа, биле во 2005 отворени 4288 стечајни постапки, а биле решени рече три илјади и нето, што не резултира со она што го пишува во Комисијата дека е невосможно повеќе од 650 да се водат и да се решат. Затоа за нас и прифаќањето на овој алиби амандман од страна на Комисијата за еврпски прашања не нуди решение и ние нема да гласаме како пратеничка група за овој предложен закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика три минути Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** "Зарем и ти сине Бруте".

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 71 пратеник, за гласале 53, воздржасни нема, против 18 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 71 пратеник, за гласале 54, воздржани нема, против 17 пратеници.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратениците Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов и Андреј Жерновски поднесоа амандман за бришење на член 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мери Младеновска-Ѓорѓиевска и Цветанка Иванова, поднесоа амандман за бришење на член 1 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за економски прашања поднесе амандман за давање два нови членови, 1-а, и 1-б, по членот 1 по кои претставникот на Владата не се согласил.

Отворам претрес по амандманите за бришење на член 1, поднесен од пратениците Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов и Андреј Жерновски и од пратениците Мери Младеновска-ѓеоргиевска и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата. Повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска. Повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Со оглед дека е пријавен министерот, можеби тој бара збор.

**Љубиша Георгиевски:** Министерот беше пријавен да даде мислење, а Владата го одбива амандманот.

**Роза Топузова-Каревска:** Се извинувам, но со оглед дека го видов неговото име, а секогаш има преднос, па заради тоа така реков.

Благодарам претседателе, со оглед на тоа како што кажав и во мојата дискусија , точно е дека овде се работи само за еден закон со еден единствен член, кој што се однесува на членот 22 од постојниот Закон, донесен на 14 март 2006 година и тоа поточно на ставот 1, точка 10, каде што се вели дека за стечаен управник, не може да се менува управник, кој до тој момент веќе води стечајна постапка, во најмалку три претпријатија. Амандманот се однесува на тоа да се укине овој еден единствен член, а зошто треба да се направи тоа, јас веќе говорев во мојата дискусија.

Во интерес на времето ќе кажам само неколку реченици и се надевам дека после дискусиите кои што овде беа искажани од поголем број пратеници, можеби и парламентарното мнозинство и овој пат, како што беше и минатиот пат, затоа што точно е дека овој амандман беше изгласан од пратениците, за лразлика од Владата која што тогаш имаше поинакво мислење, така што можеби и овој пат колегите пратеници, особено од НСДП, чии што предлагачи беа точно на оваа 10-та точка и по нивниот амандман се гласаше и сега ќе дадат поддршка и ќе биде изгласан.

Со овој амандман кој што го поднесувам се укинува членот 1 и важи постојното решение, каде што еден стечаен управник не би можел да води повеќе од три претпријатија и тоа, пред се како што беше истакнато е многу важно, заради оние стечајни управници кои водат стечајна постапка во претпријатија каде што има државен капитал. Не се точни наодите дека навистина ќе имаме поголема ефикасност, наведувајќи го бројот на стечајните управители, бројот на стечајните постапки, така што јас говорев дека најголем број од нив, впрочем и податокот кој што го кажа почитуваниот министер дека од 2005 година преку 4.000 поведени постапки, во истата таа година 3.400, ми се чини, сега не ме држете за збор за точната бројка. Толкав број на постапки веќе биле затворени и тие се токму оние постапки за кои што говорев и за нив не треба дури ни стечаен управник. Тоа е една постапка која што се води пред судот. Едноставно, судот ја отвора и во исто време ја затвора стечајната постапка, бидејќи сопственикот на фирмата дава изјава заверена дека фирмата нема имот. Тука немаме присуство, немаме потреба од присуство на суд и тоа е една постапка која што трае многу кратко и тука немаме никакви дилеми. Дилемата е онаму каде што имаме стечаен управник, каде што има државен капитал, дилемата е онаму каде што имаме и примери, како што реков, па траат со години, и сеуште се нерешени. Како најекстремен пример секако е Експорт-Импорт банката, но исто толку значајни се и стечајните постапки во Славија-Скопје, Центро-Скопје, Топилница во Велес. Овде се засегнати голем број граѓани и навистина токму поради поголема ефикасност добро би било овие стечајни постапки да се водат од различни стечајни управители, а не еден да има 10, 15 па и повеќе.

Сега, кога го имаме преодното решение, кое што го дава Комисијата за економија, мене тука ми се наметнува една дилема. Таму стои дека навистина, ова ќе се одложи, значи примената на Законот, да се применува односно да не може повеќе од три постапки да води од јуни. Меѓутоа, што до тогаш? Дали дотогаш ќе се именува еден стечаен управник на пет, 10 или 15 па и повеќе или не мора толку многу, еве нека биде пет или шест кои што располагаат со државен капитал и потоа со стапување во сила на овој закон, оние кои што веќе ја отпочнале постапката, повторно како што е случај до сега, со години да ја одолговлекуваат. Така, сметам дека малку ќе се постигне. Ја сваќам и добронамерноста на предложениот амандман, но секогаш треба работите да ги гледаме од две страни. Значи, она што може да се постигне, но и она другото кое што не би било во корист, пред се, на стечајната постапка, а со тоа многу стечајни постапки се засегнати и голем број граѓани и во корист на самите граѓани.

На крајот, уште еднаш очекува поддршка од парламентарното мнозинство, како што пред неколку месеци, не беше така одамна, дел од колегите се исто во овие клупи и се надевам дека повторно исто размислуваат, не го смениле своето мислење, без разлика што го одби Владата, дека колегите пратеници ќе дадат поддршка на амандманот поднесен од пратеничката група на ЛДП.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Мери Младеновска-Ѓорѓиевска. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам.

Ќе се обидам да го искористам времето што останува до пауза, бидејќи нема да можам да продолжам во 15,00 часот, заради средба со делегација на членови на Советодавниот комитет на Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа со Анкетната комисија. Сакам само да истакнам дека со начинот на кој што работи Владата, наместо да го јакне политичкиот дијалог со опозицијата, наместо да го јакне консензусот со опозицијата, настојува да го наруши веќе постигнатиот консензус за одредени прашања во претходниот парламентарен состав, што покажува дека Владата не е на добар пат во однос на начинот на кој што ги покажува работите и начинот на кој што тоа во Парламентот се гласа.

За проблемите со стечајот не треба да зборувам. И овде во Парламентот е многу дискутирано, но граѓаните на Република Македонија мислам дека знаат многу повеќе од самите нас. Сметам дека не е доволна аргументацијата што е наведена во причините за измена на законот. Да прецизирам не околу 200, туку 202 физички лица се стечајни

управници и 16 трговски друштва. Владата не треба со ваквото решение за бришење на членот кој што го ограничува бројот на трговските друштва кои може да имаат еден стечаен управник, настојува само да си создаде алиби за да не направи ништо за зголемување на бројот на стечајните управници и за зголемување на нивната едукација. Затоа, сметам дека треба да се јакнат едукативните процеси, да се јакне едукацијата на стечајните управници. Најнапред, Владата треба да отстрани причините за сомневањата, во кои се сомневаме и ние како пратеници, а уште повеќе граѓаните на Република Македонија, за да нуди измена на законот. Тоа што ние во моментов го работиме, само работа по измени и дополнувања на закони, сметам дека Владата треба да се заземе за решавање на крупни прашања преку нудење на нови законски проекти, ако смета да направи нешто, а не само да го губиме времето во дискусии со измени и дополнувања.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Еден час пауза за ручек.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,3 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

За збор се јави Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Бидејки јас сум предлагач на овој амандман, би сакала да го образложам на кратко и да предложам евентуално можно решение, до колку го прифати предлагачот.

Ако претходно во расправата по општиот претрес, гаев илузија дека НСДП нема да го прифати законот, сега воопшто не гајам илузија дека ќе биде поддржан мојот амандман, но сепак да укажам.

Значи, ако имаме ситуација едно решение за ист проблем да ни предлага предлагачот, Владата, друго решение за ист проблем ни предлага Матичната комисија и трето решение предлага опозицијата, значи дека навистина немаме решение. Какво и да е едното или другото, макар и нашето решение, значи не е целосно и не е во ред затоа што сите различно мислиме.

Знам дека амандманот нема да го гласаат пратениците, но само да кажам едно можно решение за кое предлагачот би можел да подразмисли.

Ако една од причините заради кои ни се предлага сега ова решение, голем број на субјекти со блокирани, немигрирани сметки во деловни банки и тоа во образложението се дадени 25 илјади сметки и навистина за нивно бришење потребно е да се спроведе стечајна или ликвидациона постапка. Јас би предложила да не го менуваме старото решение, со тоа што ќе дадеме законска можност за да ги избришеме овие 25 илјади правни субјекти кои сеуште се водат во евиденција кај деловните субјекти на немигрирани сметки, стечајните управници да немаат ограничувања во поглед на поставувањето за стечајни управници овие субјекти. Со ваквото решение јас мислам дека ќе се постигне целта заради коај се поднесуваат измените на овој закон, а воедно ќе се постигне и целта заради што ние како опозиција го предлагаме ова решение. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

За жал, имам впечаток дека со предложениот Предлог закон и со немањето слух да се прифати овој амандман поднесен од страна на нашите пратеници, всушност парламентарното мнозинство и Владата на Република Македонија се става во заштита на стечајните управници и тоа токму на онаа група стечајни управници кои наидуваат на најголеми критики од страна и на граѓаните и на експертите, меѓутоа најмногу од страна на вработените кои беа директно

засегнати од водењето на стечајните постапки во нивните претпријатија.

До колку овој амандман не се прифати, како што рече госпоѓата Иванова, ние се враќаме неколку чекори назад затоа што ако ги носевме сите измени во Законот за стечај, во функција на побрзо и поефикасно завршување на стечајните постапки, а една од тие причини беше заради тоа што стечајните управници беа одговорни за 7, 8 и повеќе претпријатија, значи да водат стечај во повеќе претпријатија, тогаш ќе се согласите, тоа не оди, враќањето назад или дозволувањето повторно еден стечаен управник да води многу повеќе стечајни постапки, не оди во функција на ефикасно завршување на стечајните постапки во претпријатијата. Ние повторно ќе се доведеме во ситуација, во иста ситуација како што бевме претходно да имаме стечани управници кои од една страна ќе имаат голем број на фирми, од друга страна ќе имаме стечајни управници кои по примерот на Тамбурковски водеа големи фирми, како на пример Ркспорт-Импорт банката , Топилница и т.н. и нема да придонесеме за разрешување на ова горливо прашање во Република Македонија.

Измените што денес се предлагаат и неприфаќањето на овој амандман укажуваат на тоа дека се оди во прилог на онаа група на стечајни управници која по секоја цена сака да води стечајни постапки во повеќе фирми без да води сметка за ефикасноста на стечајната псотапка, без да води сметка за интересот на вработените, туку напротив на онаа група стечајни управници кои сакаат овој процес да трае долго, поврзани со различни структури од различни интереси, а најмногу на штета на вработените во тие фирми. Затоа сметам дека парламентарното мнозинство и претставникот на Владата уште еднаш треба сериозно да го преиспитаат својот став и до колку претставникот на Владата не е расположен да го смени својот став и да го прифати овој амандман, тогаш

апелирам до парламентарното мнозинство, бидјеки станува збор за пратеници кои ги претставуваат интересите на граѓаните во ова Собрание, а интересите на граѓаните се брзо и ефикасно завршување на стечајните постапки, што сигурно нема да се псотигне до колку стечајните управници водат 7, 8 или 15 стечајни постапки, да го прифатат овој амандман и со тоа да овозможат ефикасно спроведување на стечајните постапки и да оневозможат корупција во овој сектор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманите ги ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(пратеници влегуваат во салата)

Во салата имаме 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласа.е 57, за амандманот 8, воздржани нема, против 49.

Констатирам дека Собранието не ги усвои амандманите за бришење на член 1 поднесени од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов и Андреј Жерновски и од пратениците Мери Младеновска - Ѓорѓиевска и Цветанка Иванова.

Отворам претрес по амандманот за додавање на два нови членови 1-а и 1-б, по членот А, поднесен од Комисијата за економски прашања.

Со овој амандман не се согласил претставникот на Владата.

Молам, кој бара збор.

Дали Владата сега го прифаќа амандманот.

**Киро Спанџев:** Да, амандманот ќе го прифатиме со укажувањата на многу пратеници дека во овој период од седум месеци можеме да направиме нешто во однос на онаа критична маса на стечајни претпријатија од 20 - 25 илјади и очекуваме со обуката на стечајните управници, со две испитни сесии да се обидеме да направиме нешто.

Еве, едно позитивно мислење од Владата дека го прифаќаме овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа од страна на Владата, според тоа станува дел од предложениот закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, службите да достават точен број на присутност на пратеници.

(Службите доставуваат точен број на присутност).

Давам пауза од 15 минути.

(по паузата седницата продолжи со работа во 15,51часот)

Ги молам пратениците да ги заземат своите места во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

(Пратеници влегуваат во салата)

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници).

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 гласале за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за стечај.

**Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе.

Владата на Република Македонија со цел да одговори на заложбите за либерализација на условите за тргување и создавање подобра бизнис клима го подготви и усвои Предлогот за изменување на Законот за трговија.

Измените и дополнувањата на Законот за трговија што ги предлагаме се однесуваат првенствено на потребата за либерализација на работното време во трговијата.

Со донесувањето на овој закон се очекува да се постигне можност за отворање нови работни места, да се поттикне потрошувачката, да се зголеми конкуренцијата во трговијата и истовремено да се постигнат позитивни ефекти во Буџетот.

Со постојниот Закон за трговија, работното време во трговијата се уредува на начин што трговецот самостојно го утврдува работното време, во зависност од бројот на вработените. При тоа должината на распоредот на работното време, што трговецот самостојно го остварува, треба да е усогласено со правата, обврските и одговорностите на вработените од работен однос, утврден со Законот за работни односи.

Во оваа насока е предвидено продавниците во колективните станбени згради, како и деловно-

станбени згради да не можат да отпочнат со работа пред 6,00 часот наутро, и да мора да завршат пред 24,00 часот со работа, се со цел да не се наруши мирот на станарите. Досегашната регулатива предвидуваше ограничено работно време само во неделите и државните празници и тоа до 17, 00 часот.

Целта на оваа Влада е да се создадат што пооптимални услови за работење, при тоа почитувајќи ги правата на вработените. Од тука, со оваа измена на Законот за трговија трговците ќе бидат должни во рок од 15 дена од влегување во сила на овој закон да го пријават утврдениот распоред на работното време и паузата во работното време, до сите надлежни органи и тоа Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, Управата за јавни приходи, Државниот санитарен здравствен инспекторат. За непријавувањето ќе следат прекршочни санкции, глоба во износ од 4.000 евра до 5.000 евра во денарска противредност за правното лице и истовремено глоба во износ од 600 до илјада евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице. Секако, со оваа либерализација се настојува да бидат испочитувани правата што припаѓаат на вработените од работниот однос, во согласност со Законот за работни односи.

Со овој текст за изменување и дополнување на Законот за трговија направивме усогласување со Законот за прекршоци. Имајќи го предвид претходното, ценам дека овој закон овозможува солидна правна рамка за либерализација на работењето во трговијата, потоа овозможува механизми за заштита на работниците од можните злоупотреби од страна на нивните работодавачи и создава ефикасен систем за воведување стандарди во однос на правата и обврските од работниот однос.

Од тука, предлагам Собранието да го усвои овој Предлог на закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер за економија,

Пред се, ќе се обидам накратко да продискутирам за предложениот закон, но навистина не знам за што ќе дискутира. Тоа, од едноставна причина, многу внимателно го слушав воведното излагање на заменикот министер за економија. Заменикот министер за економија истото образложение го имаше и на Комисијата за економија. Но, ни се случува и денеска тоа што  ни се случуваше во изминативе седници од работата на овој Парламент, заменик министерот го прочита образложението за предлог решенијата што ги имаше со првичниот Предлог за изменување и дополнување на Законот за трговија. Но, како што е пракса во оваа Влада, во меѓувреме на тие 11 или 14 членови колку што беа од Предлогот за изменување и дополнување на Законот за трговија, Владата, кога веќе седницата започна, ни достави амандмани на 23 ноември.

Со ниту еден збор не слушнав од заменик министерот да ни каже барем една реченица за овие амандмани, што значат, што се веќе составен дел на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија. Тие суштински ја менуваат првата верзија на Предлогот за измена и дополнување на Законот за трговија.

Иако ќе бидеме, можеби, една од ретките земји што ќе нема точно дефинирано работно време за државните празници и неделите, тоа не сакам сега да го коментирам, но сакам да прокоментирам она што Владата ни го достави во форма на аманаман на Законот и тоа за што заменик министерот воопшто не спомна и она што ќе ви го кажам, ни предложи решение што или не ја познаваат проблематиката или не прочитале што ни предложиле или не се консултирале во рамките на Владата, па ни предложиле вакви амандмани.

Само по однос на правата верзија што ни ја предложија, односно првите членови што стигнаа до пратениците ќе кажам:

Кое е образложението за тоа што ја укинувате казната да малолетни лица или деца кои ќе продаваат недозволена стока, посебно акцизна стока, повеќе нивните родители нема да се повикуваат на одговорност, односно ќе нема соодветни санкции. Не сакам да верувам, но морам да ви кажам, во тоа гледам една позадина да се продлжи со шверци, посебно на акцизни стоки од малолетни лица, а за тоа никој да не може да биде санкциониран и да не може да одговара. Мислам дека за тоа треба да дадете образложение зошто тоа го правите, иако кажавте, меѓу редови, дека другите казнени одредби се заради усогласување со измените со Прекршочниот закон што настанале во минатото.

Сега сакам да го прокоментирам амандманот што го поднесовте како Влада.

За оние кои немале време, затоа што сите пратеници го добивме амандманот овде, а не во редовната процедура, туку овде на нашите клупи кога седнавме и навистина треба да сме генијалци со толку амандмани секојдневно пред сама седница што ни ги давате, да се вклучиме активно во расправата. Ова сега не се однесува конкретно, бидејќи е тука заменик министерот за економија, туку се однесува за сите законски решенија што до сега Владата ни ги предлага.

Реков, на 14 члена предложен закон, Владата ни предлага пет амандмани. Што значи, предлага сосема нови решенија што се надополнуваат со тој закон, но за кои што воопшто не расправале работните тела во Собранието на Репулбика Македонија. Со овој амандман се предлага “Трговецот кој организира зелен пазар, на кој се врши трговија на големо и мало е должен да обезбеди фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања за корисниците на продажните места, кои се должни

да го користат од моментот на пуштање на продажното место во работа, согласно закон".

И еве, вели "согласно закон". За ова постои Закон за данок на додадена вредност. Морам да ви кажам дека предлагате амандман што е во спротивност со Законот за данок на додадена вредност. Предлагате амандман што не може практично воопшто да се примени.

Ја поддржувам Владата во настојувањето да се намали или елиминира сивата економија во Република Македонија.

Предлозите кои ќе одат во оваа насока секогаш ќе ги поддржувам. Со овој амандман и амандманите кои се поднесени од Владата за поддржување на овој амандман и за спроведување тоа не можете да го постигнете од едноставна причина:

Прво, не е пазарот - трговецот кој го организира зелениот пазар обврзник за плаќање на данок за продадената стока. Организаторот на пазарот, трговецот на пазарот е даночен обврзник по основ на ДДВ за услугата која тој ја наплатува. Тоа пазарите во Република Македонија го имаат спроведено со таканаречени мобилни фискални каси. За таа своја услуга што ја наплатуваат се обврзници на 18% ДДВ и си плаќаат.

Втора работа не можете да го обврзете организаротот на пазарот - трговецот тој да ја организира наплатата на ДДВ-то. За тоа има служби, надлежни институции.

Следната работа, очекував да ни објасните што подразбирате под тоа дека е должен да обезбеди фискален систем, мислам на организаторот. Сега ќе се обидам самиот да прочитам што мислел предлагачот при предлагањето на овој амандман иако сум во право, најверојатно мислеле трговецот да обезбеди фискални апарати. Да се послужам со тој речник за секоја тезга и продажно место што го издава на пазарот. Јас се извинувам, дали некој знае како се набавуваат фискалните апарати. Дали знае некој кој може да земе фискален апарат. Ако пазарот - трговецот ги обезбеди тие фискални апарати, тие фискални апарати ќе гласат на негово име. Кога ќе се чита сметката ќе биде од организаторот на зелениот пазар. Тогаш кој ќе го плати ДДВ-то.

Втора работа, се знае кои се даночни обврзници на продажба на зелените пазари. За оние кои не се обврзници тие не се должни да имаат. Зошто тогаш велиме дека тој е должен за сите што ги издава продажните места. Мислам дека ќе се направи една таква збрка што оној кој замислувал дека е најлесно наместо со регистрираните корисници на продажните места кои, по закон, само тие можат да бидат обврзници за ДДВ, за стоката која ја продаваат, оној кој го предлагал ова мислел дека наједноставно ќе го решам тоа со организаторот на пазарот односно со зелените пазари кои издаваат тезги. Не може заради тоа што тој не е обврзник по овој основ. За продажба на стоката обврзник е оној кој ја продава стоката.

Уште едно, јас ќе ве молам, велите овој закон ќе почне да се применува од 1 јули 2007 година. Ве убедувам ако сакате да се пресметате со раководството на Скопски Пазар не ви е тој начинот затоа што само Скопски Пазар изгледа ќе биде способен да се носи со една ваша одредба. Сите останати пазари во Република Македонија ова не можат да го применат. Ќе ви кажам наједноставно бев 4 години директор на Битолскиот Пазар и знам. Битолскиот Пазар издава просечно 1300 до 1500 продажни места во текот на годината, од кои 500 до 600 се постојани корисници на тезги, што велиме ние. Само за нив, не мора за други, само за тие 500 да обезбеди фискални апарати по 200 евра, тоа е 100.000 евра. 100.000 евра Битолски Пазар сигурно не може, а тој е со Кумановскиот по Скопскиот на ниво на јачина на фирмата. Сите останати се далеку под тие пазари. 100.000 евра Битолскиот и Кумановскиот Пазар не можат да ги заработат во текот на пет години не за овој рок што го даваме ние до 1 јули 2007 година да го обезбедат.

Од тие причини не знам од каде ви произлезе оваа идеа откако законот помина на Комисијата за економија, помина на Законодавно-правната комисија, помина на сите надлежни тела во Собранието, па ова да го направите.

Господине претседателе, би сакал да ве замолам, со оглед на тоа што настанува предлог за суштински измени на законот, со оглед на тоа што сум длабоко убеден дека одредбите кои ги предвидува Владата со овој закон се неспроведливи во пракса. Јас би замолил, доколку вие се согласите, ако не ќе побарам поддршка од десет пратеници да ја прекинеме седницата по расправата по оваа точка. Комисијата за економија да ги разгледа предложените амандмани. Да побараме мислење од Министерството за финансии кое е најповикано и најнадлежно за спроведување и прибирање на даноците. Врз основа на тие мислења по расправите на комисиите и по мислењето од Министерството за финансии, јас сум убеден ако од Министерството за финансии ги погледнале овие амандмани ќе кажат дека ова не може вака да биде. После тоа да расправаме за овој закон и да го донесеме.

Мислам дека е крајно време, во петокот 4-5 саати изгубивме во овој Парламент заради тоа што Владата ни поднесува амандмани на самата седница или во текот на расправата со кои врши суштински измени на законот и како пратеници сме оневозможени да придонесеме во расправата или да поднесеме амандмани. Се случувало Владата во овие 15-тина години да поднесува амандмани, но амандмани кои произлегувале од расправата во Парламентот, тоа се случувало еднаш на 10-20 закони. Ова постана невозможно ние пратениците да можеме да се вклучиме во расправата. Кога би се овозможило, јас имам аргументи со кои ќе ве убедам дека овие амандмани се неспроведливи и се спротивни на Законот за додадена вредност.

Затоа би ве замолил, доколку вие не предложите, тоа не можеме да го направиме и ако кажете пред отпочнување на продолжението на седницата во среда, бидејќи утре слушам дека ќе сме немале седница, барем како што е најавата, не знам дали заради Скендер Бег, заради Националното албанско знаме или заради што ќе сме немале утре седница, но во среда не можеме ова да го направиме на Комисијата за половина час. Мислам дека активно треба да се вклучи Министерството за финансии и тогаш да донесеме закон кој би одел во насока на она што е интенција на Владата за сузбивање на сивата економија и тука ќе ви дадам поддршка.

Благодарам претседателе и молам, пред да преминете, да се произнесете по предлозите кои ги дадов.

**Љубиша Георгиевски:** Претседателот се произнесува за продолжување на седницата.

(Реакција од страна на пратеникот Најдовски).

Тоа е ваше право, повелете, изнесете го предлогот.

**Слободан Најдовски:** Предлогот ми е, претседателе, да ја прекинеме расправата, согласно Деловникот, барам поддршка од 10 пратеника Парламентот да се изјасни да расправа надлежната комисија, Комисијата за економија, а во овој случај мислам, со оглед на тоа дека се работи директно и за фискални даночни импликации и Комисијата за финансирање и буџет.

Барам поддршка од десет пратеника за тоа.

(Има поддршка од десет пратеника).

**Љубиша Георгиевски:** Имате поддршка од десет пратеника.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам Собранието да се изјасни по однос на предлогот на пратеникот Слободан Најдовски со поддршка од десет пратеника.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, за предлогот гласале 15, воздржани нема, против 42.

Констатирам дека Собранието се изјасни негативно по однос на предлогот.

Продолжуваме со дискусија.

Има збор Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе,

Она што во овој момент се случи укажува дека парламентарното мнозинство остана глуво на сите интервенции од страна на опозицијата да не се крши Деловникот и да се овозможи реализација или искористување на сите оние механизми што нам како пратеници ни стојат на располагање во Деловникот, а се однесуваат на токму вакви постапки.

Имено, ние се наоѓаме во ситуација кога Предлогот за изменување на Законот за трговија ни е доставен на 23 октомври, на 8 ноември е ставен на седница на Собрание, а на 23 ноември добиваме амандмани од страна на Владата кои стануваат составен дел на законот, а кои ние како пратеници не сме биле во можност ниту да ги разгледуваме на комисиите ниту да поднесуваме амандмани и на тој начин да го искажеме нашиот став по однос на овие амандмани од страна на Владата.

Јас апелирав минатиот пат во петокот Владата да биде многу посериозна кога ги изготвува законите затоа што ако, како што кажува господинот Стравревски, Владата вози во четврта и странците не можат да не стигнат, тогаш ваквиот начин на работење и ваквиот начин на однесување на Владата не оди во добра насока заради брзоплетоста на начинот на кој се подготвуваат законите.

Ние се доведуваме во ситуација да ни биде ускратена деловничката можност која постои, бидејќи дополнителните амандмани значително го менуваат текстот на законот, надлежните комисии да не расправаат за тоа, а вие претседателе како претседател на Собранието сте обврзани да го дозволите тоа. Меѓу другото одговорноста ја носат и претседателите на комисиите кои самоиницијативно веднаш по стигнување на овој амандман требаше да ги свикаат комисиите и да ги разгледаат амандманите и да дискутираат по нив. Меѓутоа, во овој случај требаше да биде ваша иницијативата во име на дијалогот помеѓу парламентарната позиција и опозиција, а да дозволите комисиите да расправаат и да имаат заклучок по овие амандмани.

Значи, продолжува, и покрај нашиот остар протест, продолжува ваквиот игнорантски однос од страна на парламентарното мнозинство, а исто така и од ваша страна претседателе како претседател на Собранието кој е должен за спроведување на Деловникот.

Ние се наоѓаме во ситуација да дискутираме на ад хок решенија од страна на Владата кога се предвидува и тоа само после еден месец откако Владата го разгледала овој Предлог на закон на својата седница, Владата да одлучи трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало да обезбедува фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања за корисниците на продажните места кои се должни да користат од моментот на пуштање на продажното место во работа и на уште неколку други одредби за кои зборуваше господинот Најдовски, јас не би сакала да се повторувам, меѓутоа, морам да укажам дека е сосема погрешна основната причина поради која се предлагаат овие измени и дополнувања на Законот за трговија, а тоа е потребата од либерализација на системот за работење, можноста за отворање на нови работни места и поттикнување на потрошувачката.

Имено, кога се носеше Законот за работни односи главната дебата беше околу тоа како да се почитуваат правата на работниците и како да

не се злоупотребува работното време од страна на работодавците.

Владата со овој предлог, со самиот факт што предлага за време на неделите и државните празници да немаме ограничено работно време практично дозволува да се злоупотребува работното време од страна на работодавците, а тоа во никој случај не оди во насока на зголемување на работните места. Напротив, оние кои се веќе вработени ќе бидат принудени да работа многу подолго отколку до сега во неделите и државните празници затоа што на работодавците нема да им одговара само заради фактот што во неделите и државните празници работното време се зголемува или е неограничено да вработат нови кои ќе работат само во тој период, напротив, оние кои веќе се вработени наместо да го користат своето право на слободен ден во недела и неработен ден за време на државните празници да работат неограничено или онолку колку работодавците ќе сметаат.

Значи, Владата со своите брзоплети решенија, со немањето концепција, со тоталната конфузија во однос на тоа каде и во кои правци треба да се насочи особено во првите сто дена од нејзиното работење, освен одредени популистички решенија ни предлага закони, измени на закони со по две-три решенија кои се контрадикторни со други закони, а кои воопшто не одат во прилог на интересите на граѓаните.

Јас не би можела да се согласам ниту со ваквите решенија, не би можела да се согласам ниту со ваквото однесување на Владата ви за ви Парламентот, а најмалку можам да се согласам со вашиот игнорантски однос на неспроведување, на кршење на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Навистина безполезни се укажувањата на пратениците од опозицијата дека вака понатаму не може да се работи. Ако до вчера говорев за тоа дека четврти пат Владата ни поднесува амандмани во текот на расправата или по завршување на расправата по претресот на одреден закон, сега се случи петти пат и покрај тоа што сите пратеници кои тогаш ви се обратија, замолија тоа да не помине во пракса на Владата.

Јас и тогаш кажав и пак ќе кажам не само што нема дијалог помеѓу опозицијата и парламентарното мнозинство, туку апсолутно не може да се воспостави нормална комуникација помеѓу опозицијата и Владата затоа што нашите зборови од опозицијата ни се враќаат назад како ехо ниту малку на тоа Владата да обрне внимание.

Ова го говорам не затоа што не сакам да бидам конструктивна, напротив, почитуван претседателе сакам со конструктивна дискусија да придонесам за одредени закони во некоја мера да се подобри текстот на законот и да можат полесно да се имплементираат.

Во овој случај што имаме? Имаме закон кој само со седум члена има некои суштински измени, останатите до 17-тиот член се усогласувања со Законот за прекршоците, казнените одредби и што е во ред каде се менува зборот “казна” со “глоба”, нешто што навистина требаше да го направиме.

Сега, во последен момент на овие 7 члена ние добиваме пет амандмани од кои некои во суштина го менуваат законот.

Само да ве потсетам, ќе кажам дека во самото образложение кое што го слушнавме и од почитуваниот заменик министер и она што нас ни беше доставено како пратеници стои: “Со постојниот закон се уредува работното време во трговијата на начин што трговецот самостојно го утврдува работното време” итн, набројува и понатаму објаснува што всушност ќе се усогалси. И вели: “Досегашната регулатива предвидуваше ограничено работно време само во неделите и државните празници и тоа до 17,00 часот, имајќи ја потребата од либерализација на системот на работење како и можноста за отворање на нови работни места, се оцени дека укинувањето на ова иницирачка одредба е потребно и истата ќе придонесе за зголемување на конкуренцијата во трговијата, а истовремено може да влијае на поттикнување на потрошувачката и секако можни се позитивни ефективни за Буџетот на вработувањето”.

Сега значи, имавме нешто на кое што навистина требаше да го насочиме вниманието. Дали ваквото работно време кое што сега се предлага со измените на постојниот Закон за трговија, навистина ќе доведе до либерализација на пазарот на што секако е определба на Либерално демократската партија. Меѓутоа, почитуван претседателе после овие амандмани навистина не знам каде би водела дискусијата и конструктивната расправа кога имаме суштински промени на текстот и тоа на нешто, како што слушнавме и претходно, не доволно усогласено со останатите постојани закони кои што можат да внесат една голема конфузија.

Јас знам дека е право на Владата да предлага закони. Исто така нејзино право е да ни понуди амандмани мислејќи дека нешто треба да се поправи. Но, почитувани пратеници, наше основно право, основна должност е да ги следиме тие закони. На тие закони пратениците имаат должност она што е добро, условно, да го нагласат, но онаму каде што имаат забелешки да го искажат својот став и мислење, на крај без разлика дали припаѓаат на парламентарното мнозинство и опозицијата, и врз основа на нивните ставови, дали ги изградиле сами или се консултирале со одредени стручници од таа област што се третира или пак го слушнале јавното мислење да доставаат амандмани. По тие

амандмани ние треба овде да дебатираме и можеби ќе се случи и парламентарното мнозинство да прифати, доколку Владата нема слух за тоа, некој од амандманите на пратениците. Ве молам, како можеме да раправаме, основната функција на пратениците со петти пат поднесување амандмани од кога ќе заврши расправата, како можеме да ја обавуваме таа функција. Немаме право на амандманите од Владата да поднесеме амандмани, се зборува, значи во образложението од амандманите предложени од Владата стои: предложениот амандман е во функција да се изврши целосна фискализација и пореално прикажување на прометот на даночните обврзници, како и намалување на сивата економска активност и даночната евазија. Каде во законот кој што ни го понуди Владата станувашe збор за фискализација? Никаде. За што сега ние овде да говориме? Можеби имав намера во поголем дел од одредбите од претходниот закон да кажам дека се добри, да укажам во што не се добри и што имав забелешка, за бришење на членот 59, каде што не се санкционираат малолетниците, но имаме други закони кои ако се разгледуваат во корелација со Законот за прекршоци, може да имаме и едно поинакво читање, и токму поради тоа сакав за ова сега да дебатираме. Сега апсолутно за што треба да дебатираме.

Укажував и минатиот пат и повторно укажувам, ја замолуваме Владата за поконструктивен пристап за да можеме да си ја обавуваме основната функција на пратениците, да ги следиме законите и да поднесуваме амандмани. Не знам за другите, меѓутоа, многу пратеници сосема сериозно си ја сваќаат својта функција, ги читаат законите и навистина нудат решенија со кои барем тие сметаат дека ќе се подобри текстот на законот, ќе се изменат одредени одредби и ќе бидат во функција на граѓаните. Токму поради тоа, не знам дали има некаква крајна цел оваа ситуација што во последен момент ги добиваме овие измени и на сето ова да не можем да предложиме амандмани.

Од сето ова што досега го кажав, ЛДП нема да даде поддршка на законот со предложените амандмани, затоа што реков ако и претходно можевме да разговараме дека во законот има некои решенија кои може да се сметаат за добри и со одреден амандман можеби малку да се поправат работите, во овој случај јас исто имам дилема. Новите амандмани не се поминати на работното тело, работното тело не расправало по нив и сега наеднаш овде треба без мислење на работното тело, од пет амандмани на закон со седум суштествени членови.

Токму поради тоа нема да гласам за овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика за господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Почитуван претседателе, другарки и другари,

На неколку пати беше спомната Комисијата за економски прашања дека требало овој амандман да го разгледа на една од своите седници. Јас ве уверувам дека како Наполеон спијам само еден час. Кога било некој да побарал од опозицијата или позицијата да ја свикам Комисијата, ќе ја свикам, па макар било и ноќе. Никој не побарал. На 23 ноември Владата го има поднесено овој амандман. Тогаш требало тие што мислат дека Комисијата требало да го гледа да ми се јавеле, во секое време ќе ја свикам Комисијата. Сега не сум во состојба затоа што ја нема опозицијата, избега, не можам да ја свикам Комисијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има контра реплика госпоѓата Роза Топузова Каревска, повелете една минута.

**Роза Топузова Каревска**: Благодарам претседателе,

Не знам навистина како да ја сватам репликата на господинот Љубисав Иванов Ѕинго кој што ни кажа дека ние треба да побараме седници. Веројатно уште не донесен новиот деловник, ова ќе биде некој составен дел на деловникот, се воведуваат нови правила во Парламентот, па се побара од говорница, со поддршка од 10 пратеници. Тоа е единствениот начин на кој опозицијата може да бара да расправа одредена Комисија. Јавувањето по телефон или барањето, апсолутно ништо не значи. Како во тој случај би работеле ние, секој по свое наоѓање ќе се јави на претседател на Комисија и ќе каже ајде свикајте не. Амандманите се доставени во петокот, после пладне ги најдовме на работните маси во Собранието. Токму поради тоа ја искористивме првата деловничка можност - значи деловничката можност, не по свое наоѓање да побараме да расправа Комисијата. Затоа навистина не знам како, освен по Деловникот. Се што се случува надвор до Деловникот не му доликува на ниту еден пратеник. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Заменикот минстер има збор.

**Кирил Спанџев:** Благодарам претседателе.

Прво, Владата е координирана, синхронизирана и конструктивна. Тоа можам да го потврдам затоа што овој амандман што е спорен е направен во координација на Министерството за финансии и ние координирано делуваме кога настапуваме во Парламентот.

Втора работа, мислев да го образложам овој амандман кога ќе дојде амандманската расправа, меѓутоа, сакам само да ве потсетам како пратеници дека расправајќи по Законот за готовнско плаќање, имате во извештајот на Законодавно правната комисија мислење и тоа е следното: Комисијата констатира дека со предложените решенија се обезбеди - значи се мисли на Закон за готовинско плаќање - целосна фискализација на сите даночни обврзници. Тоа е напишано во извештајот на Комисијата. Овој амандман се случува после разгледувањето на

оваа Комисија. Значи практицираајќи и почитувајќи една одлука во записник или во извештај на Комисија, Владата во меѓувреме подготви еден амандман со кој сака да покаже волја за фискализација на пазарите. Мислам дека се работи за еден амандман со други потточки, четири амандмани кои го објаснуваат тој еден амандман за фискализација на пазарот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Реплика на министерот имам, а потоа процедурално.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете три минути реплика и три минути процедурално, со евентуален прекин за контра реплика.

**Славица Грковска:** Господине заменик министер, ако Владата толку координирано настапила и ги разгледувала измените на Законот за трговија, тогаш ве прашуваме зошто при првиот предлог вие не најдовте за потребно овие членови кои се дополнително предложени како амандмани да ги внесете во предлогот кој што е доставен до Собранието на 23 октомври. Јас не знам со што толку бевте преокупирани, што толку многу време ви одзима да менувате дополнително после еден месец речиси една третина од предлогот или да дополмувате една третина од предлогот кој веќе ни е доставен.

И едно мало упатство, со оглед на тоа што очигледно е дека немате искуство. Амандманите што ги поднесува Владата стануваат составен дел на законот, значи не се расправа по нив кога ќе почне амандманската расправа во делот на амандманите поднесени од пратениците и комисиите. На тоа се однесува нашата реакција што ние не сме имале можност да расправаме за нив. За тоа е нашата реакција. На крајот на краиштата нека се и најдобри решенија на законот, ние имаме право, ние имаме обврска според Деловникот да ги разгледаме дополнителните амандман на комисиите. Ние имаме обврска и должност да поднесеме амандмани на дополнителните решенија доколку сметаме дека не се добри, а нам тоа ни се ускратува.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, бидејќи нема контра реплика, имате процедурално збор.

**Славица Грковска:** Процедурално морам да реагирам затоа што меѓу другото и јас ја спомнав Комисијата за економија. Во членот 170 од Деловникот е јасно кажано дека доколку со одреден амандман се предизвикуваат побитни изменувања на текстот на Предлогот на законот, задолжително надлежното работно тело и Законодавно правната комисија треба да го разгледаат и да поднесат извештај. Надлежното работно тело го свикува согласно Деловникот претседателот на надлежното работно тело. Нема никаква потреба пратеници да бараат од претседателот на Комисијата претседателот да свика Комисија. Претседателот на Комисијата се подразбира дека би требало да знае кои се неговите обврски и штом ќе се случи вакво нешто, веднаш да ја свика Комисијата и да ги свика нејзините членови, па тогаш да види дали ќе дојдат членовите на опозицијата или не. Меѓутоа, додека не ја свика не може да дава такви коментари.

Значи, ако амандманот стигнал во четвртокот претседателот на Комисијата кој во овој случај има долг стаж како пратеник и би морал да знае какви одредби има Деловникот, би морал да знае е негова обврска да ја свика Комисијата, да ја свика Комисијата во петок или денес од сабајле. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално, повелете, има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Мене ми е многу драго што некои пратеници во еден мандат со молчење ќе го поминат тој мандат и дека во вториот мандат прозборуваат. Тоа значи дека Парламентот и законот каде што луѓето научиле да зборуваат. Не знам за вакви деловници можеби во иднина кога ќе го менуваме деловникот да ставиме и вакви параграфи. За сега не постојат. Да не се лаже јавноста, по Деловникот секој пратеник може да побара да се свика некое тело, а се знае како се свикува и Собранието. И пред јавноста да не се прикажуваат невистини, да не се прави маркетинг, од тоа нема корист. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Николов Марјанчо.

Пред тоа, процедурално има збор Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе,

Но пред малку беше цитиран член од Деловникот и не се зборувам апсолутно паушално. Јас ве молам како претседател на Собранието, како прв меѓу еднаквите да спречите секаква навреда на пратениците. Ве молам, недозволиво е ако некој само заради тоа што поминал повеќе часови или години во овој Парламент да ги навредува другите пратеници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За жал, не слушнав навреди. Квалификувајте го зборот со кој е наведена навредата и јас ќе се извинам.

(Пратеникот Топузова реагира со зборовите “земете ги стенографските белешки”).

Вам ви требаат, мене не. Во изјавата на господинот Љубисав Иванов Ѕинго блага доза на татковска иронија, навреда немаше. Блага доза на татковска иронија, добронамерна, навреда немаше. Кажете кој збор содржеше навреда, тогаш јас ќе се извинам што не интервенирав.

Повелете, има збор господинот Николов Марјанчо.

Ја прекинувам расправата процедурално и збор давам на пратеникот Николов Марјанчо.

(Пратеникот Слободан Најдовски бара збор процедурално).

Четврти пат е од вашата партија ова барање. Немаше навреда. Ако барате процедурално збор за друго, повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, нема повреда за иронија, за навреди и др. Ве молам едно, вие сте тој што е најповикан за заштита на Деловникот. Не сакам воопшто да навелувам во расправата, но само заради јавноста, бидејќи бевме повикани дека одредени членови на Комисијата можат да побараат да се одржи седница на Комисијата за економија. Не само за Комисијата за економија, туку за било кое работно тело, не може еден пратеник член на тоа тело да побара седница. Заради јавноста да кажам, најмалку една третина, видете го член 116 од Деловникот, најмалку една третина од работното тело може да побара свикување на седница. Бидејќи во сите работни тела ние од опозицијата немаме таква можност, но најмалку е битно во овој момент кој може или не може да свика седница. Битно е тоа што Владата си игра со нас како што сака, ни предлага сосема нов закон. Затоа најучливо замолив комисиите да ги разгледаат овие амандмани, за да не доаѓаме до вакви расправи. Еве, денес повторно изгубивме три часа за тоа дали имаме право. Го имаме сосема тоа право, но вие како претседател што сте најповикани, прво, не го побаравте тоа, а вие треба да го побарате, не бараат останатите од мнозинството и нема што тука, силата на моќта е таа, така се спроведува во Република Македонија во последниве два-три месеци, ќе истрпиме додека можеме. Но онака како што е во Деловникот, не е како што вие изнесувате овде. Тоа е мојата процедурална забелешка и мислам дека е на место. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Николов Марјанчо, со тоа што би ве замолил да водите сметка да не ве прекинувам, бидејќи рековме дека ќе работиме до 17,00 часто, да се сообразите со овие девет минути или ако сакате да продложите утре. Како сакате вие, само морам да се држам до тоа да работиме во 17,00 часот бидејќи имам протоколарни обврски.

**Николов Марјанчо:** Добро, јас би предложил утре да продолжам.

**Љубиша Георгиевски:** Вие ќе продолжите утре.

Во тој случај овде завршуваме.

Седницата ќе ја продолжиме во среда во 11,00 часот. Тогаш продолжуваме со дискусијата на пратеникот Марјанчо Николов и со процедуралните забелешки.

(Седницата прекина во 16,52 часот)